Врз основа на член 55 став 1 од Законот за за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 13/06, 82/08, 167/10, 36/11 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 96/19, 110/19, 154/19), а во врска со член 40 став 3 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија, бр. 42/01, 5/03, 58/06, 110/08, 51/11, 151/11 и 215/15 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/20), министерката за одбрана донесе

# У П А Т С Т В О

## ЗА НАЧИНОТ НА УЧЕСТВОТО НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ОТСТРАНУВАЊЕТО НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД КРИЗНА, ВОНРЕДНА И ВОЕНА СОСТОЈБА

### Член 1

Со ова упатство се пропишува начинот за учеството на Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Армијата) во отстранување на последиците од кризна, вонредна и воена состојба.

### Член 2

Армијата учествува во отстранување на последиците од кризна, вонредна и воена состојба, со преземање на следните дејствија:

1. Давање поддршка на органите на државната власт, органите на државната управа и други државни органи и институции, кога истите имаат потреба од соодветни ресурси и способност за справување со последиците од кризна, вонредна и воена состојба и
2. Давање поддршка на единиците на локалната самоуправа.

При преземањето на дејствијата од став 1 на овој член, Армијата може:

- да учествува во спроведување на мерките и одлуките донесени од Владата на Република Северна Македонија;
- да учествува во остварување на материјалната обврска во вонредна и воена состојба;
- да учествува во обезбедување, контрола и изолација на објекти, простории и лица;
- да стави на располагање привремени сместувачки капацитети;
- да учествува во расчистување и асанација на теренот;
- да обезбеди транспорт на лица и достава на стоки и добра;
- да даде медицинска помош на повредени и заболени;

-да ја ангажира механизацијата за која располага за справување со последиците од кризната, вонредната и воената состојба;

-да обезбеди асистенција во дезинфекција и деконтаминација;

-да учествува во обновување на инфраструктурата;

-да асистира во спроведување на мерките за заштита и спасување на населението и

-да преземе други активности во поддршка на мерките пропишани од Владата.

## Член 3

При спроведување на дејствијата од член 2 од ова упатство, Армијата учествува со сопствени материјални средства, како и со средства обезбедени од други државни органи и институции.

Видот и капацитетот на средствата може да биде различен, во зависност од обемот на настанатите последици од кризната, вонредната и воената состојба.

## Член 4

Министерството за одбрана, на барање од Генералштабот на Армијата, презема мерки и активности од своја надлежност, за обезбедување на потребни финансиски и материјални средства за поддршка на учеството на Армијата во отстранувањето на последиците од кризната, вонредната и воената состојба.

Министерството за одбрана, презема мерки и активности за обезедување на неопходни услови за успешно ангажирање на Армијата во отстранувањето на последиците од кризната, вонредната и воената состојба.

## Член 5

Способностите и капацитетите, односно силите и средствата, кои Армијата може да ги ангажира при премемање на мерките и активностите од член 2 од ова упатство за учество во отстранување на последиците од кризна, вонредна и воена состојба, ги утврдува претседателот на Републиката.

Ова упатство влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Сашо Кузмановски
Одобрил: Драган Николиќ

Број 09-1951/1

Датум 24 02 2022

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска